З А П И С Н И К

Од 3-тата седница на Советот на Општина Чешиново-Облешево одржана на ден 26.11.2025 година со почеток од 10:00 во просториите на Општина Чешиново-Облешево-сала на Совет.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Чешиново-Облешево г-дин Горанчо Димишков.

Од вкупно 11 Советници на седницата присуствуваа сите 11 советници и тоа: Горанчо Димишков, Александар Саздов, Виктор Нестов, Даниел Гочев, Грозде Митров, Христина Горгиева, Дивна Зафирова, Бранко Стоименов, Влатко Заов, Борчо Гигов и Дарко Стојанов.

На Седницата присуствуваа Јане Горгиев-советник комунален инспектор, Весна Горева-Малинова раководител на сектор Јавни дејности,представници од доброволно противпожарно друштво Златко Илијев и Блашка Стојкова, Марија Јованова-правник во Општината и Ивана Миленкова како техничка поддршка за снимање и пренос на седницата.

Записникот го води Емилија Анастасова-Советник ревизор во обука.

Претседателот на Советот Горанчо Димишков кажа да се разгледа Записникот од втората седница и ако нема збор да се гласа.

Бидејќи никој немаше збор, се премина на гласање и со со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоен ***Записникот од втората седница.***

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков за работа на 3-тата Седница на Совет на Општина Чешиново-Облешево го предложи следниот:

ПРЕДЛОГ ДНЕВЕН РЕД

1. Одлука за именување на членови на Одбор за Месна Самоуправа
2. Одлука за именување на членови на Комисијата за изготвување на Програма за работа на Советот
3. Одлука за именување на членови на Комисијата за празници и манифестации
4. Одлука за формирање на Комисија за унапредување на правата на пациентите во Општина Чешиново-Облешево
5. Одлука за формирање на Совет за јавно здравје
6. Одлука за формирање на Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата
7. Одлука за формирање на Совет за превенција од детско претстапништво
8. Одлука за формирање на Локален Совет за Превенција

9. Одлука за именување на членови на Управен Одбор на ЈПКД “Облешево”
10. Одлука за именување на членови на НадзоренОдбор на ЈПКД “Облешево”
11. Програма за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Чешиново-Облешево
12. Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести во 2026 година
13. Програма за јавни работи на територијата на Општина Чешиново-Облешево за 2026 година
14. Програма за одржување на јавна чистота на подрачјето на Општина Чешиново-Облешево за 2026 година
15. Програма за активности на Општина Чешиново-Облешево за ревитализација по елиминирање на кризи во областа за заштита и спасување во 2026 година
16. Предлог Одлука за утврдување на критериуми за распределба на средства од Блок дотација за основното образование за основните училишта во Општина Чешиново-Облешево за 2026 година
17. Предлог годишен план за работа на одделението за инспекторски надзор на Општина Чешиново-Облешево
18. Предлог-Програма за работа на доброволното противпожарно друштво Кочани
19. Предлози, прашања, барања

Сите советници едногласно го усвоија дневниот ред.

Претседателот Горанчо Димишков им предложи на Советниците на Советот на Општина Чешиново-Облешево да се направи промена, точка 18 да се стави 1-ва точка затоа што представници на Доброволното Противпожарно друштво е веќе присутен на Советот.

Бидејќи никој од советниците немаше против, се премина на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоена ***Точката 18 да биде 1-ва точка на дневниот ред.***

1. ***Предлог-Програма за работа на доброволното противпожарно друштво Кочани***
   Претседателот на Советот, Горанчо Димишков даде збор на Златко Илијев, представник од Доброволното противпожарно друштво.
   Златко Илијев даде образложение на програмата:
   - Ви благодарам што прифативте нас и нашата програма. Со меморандумот што го има добиено нашето противпожарно друштво ја опфаќа и вашата општина. Ние во минатата 2024 година имавме интервенција 35 пати и дел кога беше депонијата во с. Теранци. Акцент ќе ставиме да успееме да формираме група од 10 луѓе, активно да се ангажираат во гасење на пожарот но исто така и во поплавите.

   Претседателот на Советот Горанчо Димишков праша дали има прашања.
   Бранко Стоименов праша:
   - Колку е буџетот?

   Златко Илијев образложи:

- Износот е 2.592.000,00денари. Исплаќањето ќе биде квартално по програмата. Летниот период имаме најмногу расходи.
  Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, претседателот Горанчо Димишков предложи да се стави оваа точка на комисија за финансиски буџет, да се разгледа програмата и наредено пат да се стави на гласање.

2. ***Одлука за именување на членови на Одборот за Месна Самоуправа.***
   Претседателот на Советот, Горанчо Димишков даде збор на Борчо Гигов. Борчо Гигов ги предложи следните членови за оваа комисија:
   1. Дарко Стојанов
   2. Христина Горгиева
   3. Дивна Зафирова

   Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **10 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, 1 ВОЗДРЖАН советник** е усвоена ***Одлуката за именување на членови на Одборот за Месна Самоуправа.***

3. ***Одлука за именување на членови на Комисијата за изготвување на Програма за работа на Советот.***
   Претседателот на Советот, Горанчо Димишков даде збор на Борчо Гигов. Борчо Гигов ги предложи следните членови за оваа комисија:
   1. Влатко Заов
   2. Даниел Гоцев
   3. Борче Гигов

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоена ***одлуката за именување на членови на Комисијата за изготвување на Програма за работа на Советот.***

4. ***Одлука за именување на членови на Комисија за празници и манифестации***
   Претседателот на Советот, Горанчо Димишков даде збор на Борчо Гигов. Борчо Гигов ги предложи следните членови за оваа комисија:
   1. Грозде Митров
   2. Дарко Стојанов
   3. Виктор Нестов

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоена ***Одлуката за именување на членови на Комисијата за празници и манифестации.***

5. ***Одлука за формирање на Комисија за унапредување на правата на пациентите во Општината Чешиново-Облешево***

Претседателот на Совет, Горанчо Димишков даде збор на Борчо Гигов. Борчо Гигов ги предложи следните членови за секој месец за оваа комисија:

- Претставници од советот
  1. Бранко Стојменов
  2. Александар Саздов
  3. Горанчо Димишков
- Претставници од Невладини организации
  1. Влатко Коцев
  2. Благој Митев
- Претставници здраствени работници
  1. Димче Николов
  2. Дарко Митров
- Претставници од пациенти
  1. Игор Нисов
  2. Горанчо Трајанов

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се преминува на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ; НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоена ***Одлука за формирање на Комисија за унапредување на правата на пациентите во Општина Чешиново-Облешево.***

6. ***Одлука за формирање на Советот за јавно здравје.***

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков даде збор на Борчо Гигов. Борчо Гигов ги предложи следните членови за оваа комисија:

1. Дивна Зафирова
2. Христина Горгиева

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоена ***одлуката за формирање на Совет за јавно здравје.***

7. ***Одлука за формирање на Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата.***

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков даде збор на Борчо Гигов. Борчо Гигов ги предложи следните членови за оваа комисија:

1. Борче Гигов
2. Влатко Заов
3. Александар Саздов

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоена ***одлуката за формирање на Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата.***

8. ***Одлука за именување на членови на Управен Одбор на ЈПКД Облешево.***

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков даде збор на Борчо Гигов. Борчо Гигов ги предложи следните членови за оваа комисија:

1. Бобан Ристовски
2. Зоран Моневски
3. Димче Николов
4. Андреј Стојанов
5. Ивица Крстев

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоена ***одлуката за именување на членови на Управен Одбор на ЈПКД Облешево.***

9. ***Одлука за именување на членови на Надзорен Одбор на ЈПКД Облешево.***

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков даде збор на Борчо Гигов. Борчо Гигов ги предложи следните членови за оваа комисија:

1. Влатко Коцев
2. Ванче Горгиев
3. Александра Гицова
4. Александра Јосифова
5. Дарко Митров

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоена ***одлуката за именување на членови на Надзорен Одбор на ЈПКД Облешево.***

10. ***Програма за контрола на популацијата на бездомните кушиња на територија на Општина Чешиново-Облешево***

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков им кажа на советниците да ја разгледат програмата за контрола на популацијата на бездомните кучиња на тетиторија на Општина Чешиново-Облешево. Јане Горгиев - комунален инспектор во Општината даде образложение од програмата:

- Со оваа програма се утврдуваат активностите за третирање на бездомни кучиња, условите, организацијата и обемот на извршувањето, како и начинот на финансирањето. За решавање на проблемот поврзан со зголеменото присуство на бездомни кучиња, односно за контрола на нивниот број, од страна на Светска здраствена организација за заштита на животните и позитивните законски прописи во Република Македонија.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се преминува на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоена

Програмата за контрола на популација на бездомните кучиња на територијата на Општина Чешиново-Облешево.

11. ***Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести во 2026 година***

Претседателот на Совет, Горанчо Димишков даде збор на претставникот Јане Горгиев-комунален инспектор во Општина Чешиново-Облешево. Јане Горгиев даде образложение за програмата:

-Програмата ги дефинира општите мерки за заштита на населението во Општина Чешиново-Облешево од заразни болести, кои со исполнувањето на поставените цели треба да допринесат за подигање на повисоко ниво на заштита на населението од заразни болести. Главна цел на програмата е спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести, спроведување на општи, превентивни мерки за да се спречи појавата или искорени ширењето на заразни болести кај населението.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоена ***Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болесто во 2026 година***

12. ***Програма за јавни работи на територијата на Општина Чешиново-Облешево за 2026 година***

Претседателот на Совет, Горанчо Димишков даде збор на претставникот Јане Горгиев-комунален инспектор во Општина Чешиново-Облешево. Јане Горгиев даде образложение за програмата:

Работите од јавен интерес во Општина Чешиново-Облешево ги врши Јавното Претпријатие за Комунални Дејности "Облешево" со седиште во с. Облешево.

Во овие рсботи спаѓаат:

- Одржување на локалните патишта, дел од магистралниот пат М5 кој поминува низ с. Облешево и улчиците во самите населени места
- Одржување на паркови и зеленило
- Одржување на пазарот
- Чистење на постоечки депонии
- Чистење и одржување на гробиштата
- Уредување на просторот на и околу селските игралишта
- Уредување на јавни површини во општината

Финансирањето по основ на оваа Програма ќе биде од Буџетот на општина Чешиново-Облешево и се предвидени 1.000.00,00 денари.

Претседателот на Советот Гопанчо Димишков праша дали има некој збор.

Бранко Стоименов има збор:

- Сите овие работи што ги наброивте се во ред но во програмата пиѓува дека ќе бидат ангажирани 10 лица. Дали ги Имаме?

Јане Горгиев

- Не, немаме но ќе се ангажираат сезонски работници.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **10 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, 1 ВОЗДРЖАН советник** е усвоена ***Програма за јавни работи на територијата на Општина Чешиново-Облешево за 2026 година.***

13. ***Програма за одржување на јавна чистота на подрачјето на Општина Чешиново-Облешево за 2026 година***

Претседателот на Совет, Горанчо Димишков даде збор на претставникот Јане Горгиев-комунален инспектор во Општина Чешиново-Облешево. Јане Горгиев даде образложение за програмата:

Со оваа програма се утврдуваат работите за одржување на јавната чистота во Општина Чешиново-Облешево, односно планирање и димензионирање на работната рака и механизацијата која е на располагање.
Предвидените приходи од домакинствата и претпријатијата за реализирање на програмата се земени како да се наплатени во целост.
Програмата за јавна чистота ќе се спроведува од страна на ЈПКД Облешево.
Инспекцискиот надзор над спроведувањето на Програмата за јавна чистота ќе врши комунален инспектор.
Претседателот на Советот Гопанчо Димишков праша дали има некој збор.
Влатко Заов има збор:

- Кажете ми како функционира ЈПКД Облешево, мој предлог е да се вработат луѓе и нека функционира како што треба.

Грозде Митров има збор:

- На комуналното претпријатие му фалат финансиски средства и треба да се направи нова програма.

Бранко Стоименов

- ЈПКД со помош на градоначалникот и службите да се достави барање до Министерството.

Излезени од седница Александар Саздов и Борче Гигов

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **9 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоена ***Програма за одржување на јавна чистота на подрачјето на Општина Чешиново-Облешево за 2026 година.***

14. ***Предлог Одлука за утврдување на критериуми за распределба на средства од Блок дотација за основното образование за основните училишта во Општина Чешиново-Облешево за 2026 година***

Претседателот на Совет, Горанчо Димишков даде збор на Весна Горева-Малинова раководите на одделение за јавни дејности.

- Блок дотацијата е наменета за финансирање на основното образование и се дели помеѓу две основни училишта во општина Чешиново-Облешево.

  Критериуми за распределба на блок дотацијата помеѓу двете основни училишта се: основната сума на блок дотацијата наменета за општината, потребните средства за бруто плата, бројот на учениците и бројот на паралелките во училиштата. Неискористените средства од Блок дотацијата за основно образование за 2025 година , согласно член 47 од Законот за извршување на буџетот на Република

Северна Македонија за 2025 година, општината ќе ги врати во Буџетот на Република Северна Македонија најдоцна до 31 декември 2025 година.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **9 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоена ***Предлог Одлука за утврдување на критериуми за распределба на средства од Блок дотација за основното образование за основните училишта во Општина Чешиново-Облешево за 2026 година.***

15. ***Предлог годишен план за работа на одделението за инспекциски надзор на Општина Чешиново-Облешево за 2026 година***

Претседателот на Совет, Горанчо Димишков ги праша советниците дали има некој прашање за годишниот план за работа на одделението за инспекциски надзор.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоена ***Предлог годишен план за работа на одделението за инспекциски надзор на Општина Чешиново-Облешево за 2026 година.***

16. ***Прашања, предлози и барања.***

Претседателот на Совет, Горанчо Димишков ги праша Советниците на советот дали имаат прашања, предлози и барања.

Емилија Анастасова им подели 2 барања на советниците да ги разгледат.

Откако ги разгледаа Претседателот на Совет Горанчо Димишков го стави првото барање на гласање:

Барање за котизација од Ф.К. Атлетико 2021 с. Теранци за финансиски средства за учество во натпреварување на детска лига.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоена ***Барањето за котизација од Ф.К. Атлетико 2021 С.Теранци.***

Барање за чистење на канал што поминува низ с. Жиганци.

Барањето го поднесе Дарко Стојанов.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоена ***Барањето за чистење на канал што поминува нис с. Жиганци.***

Борче Гигов им предложи на советниците да направат група и секое барање што ќе биде доставено до советот да биде прегледано од групата и ако треба да се излезе и на терен.

Советот заврши во 11:30 часот.

Записничар *Претседател на Совет*

Емилија Анастасова *Горанчо Димишков*

_____ М.П. _____